ЈАВЕН ПОВИК
за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), Дирекција за технолошки индустриски развојни зони објавува јавен повик за избор на правни лица кое вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, за движни ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони.

Јавниот повик е делив.

1 дел – Избор на правно лице кое ќе има обврска да изврши превземање, селектирање и транспортирање на соодветен начин на електричен/електронски отпад

2 дел – Избор на правно лице кое ќе има обврска да изврши превземање, селектирање и транспортирање на соодветен начин на мебел

Едно правно лице може да поднесе пријава за учество за двата дела или само за еден дел со назначување за кој дел од јавниот повик поднесува пријава.

Движните ствари се наоѓаат на следната локација: ТИРЗ Скопје 1, Бунарџик нас. Илинден.

Право на учество на јавниот повик имаат сите правни лица, кои поседуваат важечка дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад издадена од надлежен орган во Република Северна Македонија.

Листата на движни ствари — предмет на овој Јавен повик, Инструкциите и останата потребна документација врска со Јавниот повик може да се подигнат електронски на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони www.fez.gov.mk.

Краен рок за доставување на пријавите за учество е 23.11.2026 година.

Контакт-телефон во врска со јавниот повик: 075/240-099, електронска адреса: goran.trajkovski@fez.gov.mk.